ВЛАДА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

GOVERMENT OF
THE REPUBLIC OF MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

CRISIS MANAGMENT CENTER

## БИЛТЕН НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

**НОЕМВРИ И ДЕКЕМВРИ 2017**

## Официјално затворање на Програмата за обуки на трети земји



**На 01.11.2017 година, во претставништвото на Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија (JICA) за Балканот, во Белград, Р. Србија, беше реализиран работен состанок на кој беше презентиран Финалниот извештај за реализацијата на “Програмата за обуки на трети земји”. Оваа Програма претставуваше продолжителна активност во меѓусебната соработка помеѓу Центарот за управување со кризи (ЦУК) и Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија (JICA), после успешната умплементација на проектот за “Воспоставување на интегриран систем за превенција и рано предупредување за шумски пожари” кој беше реализиран во периодот од 2011 до 2014 година.**

**Временската рамка на Програмата за обуки на трети земји беше од април 2015 до септември 2017 година. Со нејзините активности беа опфатени пет земји од регионот, и тоа: Албанија, Босна и Херцеговина, Србија, Косово и Црна Гора а во реализираните обуки беа вклучени претставници од националните институции задолжени за: управување со кризни/вонредни ситуации, хидрометеоролошките служби, агенциите за управување со шуми, управите за животна средина и други. Општата цел на оваа Програма беше да се даде придонес кон зајакнување на Регионалните капацитети и способности за намалување на ризикот од шумски пожари, а преку реализацијата на предвидените активности се постигнаа следните резултати:**

**- Стекнатите искуства и знаења кои беа постигнати со реализацијата на проектот за “Воспоставување на интегриран систем за превенција и рано предупредување за шумски пожари” и воспоставувањето на Македонскиот информативен систем за шумски пожари – МКФФИС (http://mkffis.cuk.gov.mk/ ) да се пренесат на земјите од регионот,**
**- Спроведување на детална анализа на состојбите во секоја земја, во областа на Програмата со предлог на Методологија за развој на симплифициран прототип/модел на национален систем за превенција и рано предупредување за шумски пожари, базиран на расположивите ресурси и податоци во секоја вклучена земја,**
**- Давање на соодветни препораки и предлог на национални Акциски планови за достигнување на поставените цели, како и поддршка во изработка на Предлог апликации за техничка соработка со JICA, за секоја земја посебно.**
**Сите предвидени активности од оваа Програма финансиски беа поддржани од страна JICA, а целосната организација на наставите, како и спроведувањето на обуките беше реализирано од страна на стручен тим на ЦУК, предводен од д-р Стевко Стефаноски. Финалниот извештај за реализација на Програмата за обуки на трети земји беше предаден на Постојаниот претставник на канцеларијата на JICA за Балканот, г-дин Хидеја Кобајаши.**

**Преку реализацијата на Програмата за обуки на трети земји, Центарот за управување со кризи, со поддршка на JICA, од примател на техничка и едукативна помош прерасна во пренесувач на знаења и искуства во областа на Управувањето со ризикот од шумски пожари.**




## Награда за ЦУК на прославата на роденденот на јапонскиот цар

**(страна 2)**

## Награда за ЦУК на прославата на роденденот на јапонскиот цар

**ЦУК, 07.12.2018 - Јапонската амбасада, вчера го одбележа 84-тиот роденден на царотАкихито и националниот ден на Јапонија. На свеченоста по овој повод, Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA / ЏАЈКА), ја додели годишната награда на Центарот за управување со кризи на Република Македонија (ЦУК), со кој успешно соработува повеќе од една деценија. Наградата е доделена на ЦУК за својата силна посветеност и придонес во развојот на институцијата и зајакнувањето на капацитетите во земјата и регионот.**

**Во изминатата деценија, десет вработени од ЦУК учествуваа на обуки за управување со кризи во Јапонија. Во 2009 година Центарот го воспостави системот за превенција и рано предупредување од шумски пожари (MKFFIS), а во 2015 година, за време на Програмата за обуки на трети земји, ЦУК го сподели своето знаење со другите земји од Балканот.**

**Како продолжение на добрата соработка, ЏАЈКА и ЦУК почнуваат нов петгодишен проект за градење капацитети за намалување на ризици од катастрофи во областа на животната средина (ECO DRR) преку одржливо управување со шуми. Целта на проектот е да се постигне превенција од природни катастрофи преку употреба на еко системи како што се шуми. Овие активности само ги потврдуваат силните врски помеѓу Јапонија и Македонија, како и пријателството и солидарноста помеѓу двата народа.**

## Проект за градење на капацитети за намалување на ризици од катастрофи во областа на животната средина




**Во Центарот за управување со кризи, денес (20 декември 2017), се одржа состанок на Заедничкото координативно тело на Проектот за Градење на капацитети за намалување на ризици од катастрофи во областа на животната средина (ECO DRR) преку одржливо управување со шумите. Овој проект претставува продолжување на успешната соработка со Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија- JICA, која се спроведува од 2009-та година наваму, а посебни резултати беа постигнати со имплементацијата на проектот во воведување на “Интегриран систем за превенција и рано предупредување за шумски пожари”, во период од 2011 до 2014 година.**

**Основната цел на овој проект е да се развие модел на Екосистемски-базирано намалување на ризиците од катастрофи (Eco-system based Disaster Risk Reduction - ECO-DRR) во Република Македонија против природни непогоди, преку употреба на повеќекорисничката функција на шумите, односно зајакнување на нивната заштитна вредност. Крајната цел на проектот е долгорочно да се намалат ризиците од поројни поплави, лизгање на земјиштето, ерозија на почвата и шумските пожари.**

**Како основа за утврдување на потребата од ваква проектна интервенција, претставуваа анализите на зачестените ризици од катастрофи, кои во последните години предизвикаа загуби на човечки животи, оштетувања на материјални добра, инфраструктура, како и голем степен на деградација на животната средина (екологијата). Покрај другото, причините за овие катастрофи се поврзани со недоволна искористенот на заштитните функции на екосистемот, пред се на шумите, кои во подолг период се изложени на загуби и штети, предизвикани од шумски пожари, неконтролирани активности на човекот, загаденоста на животната средина и слично.**

**Во процесот на имплементација на проектините активности се предвидува широка меѓусекторска соработка и вклученост на повеќе субјекти, како што се: Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЈП Македонски шуми, Министерството за животна средина и просторно планирање, Секретаријатот за европски прашања при Владата на РМ, Високо-научни и образовни установи, Единици на локалната самоуправа, локлната заедница и други.**

**Во рамките на овој проект ќе бидат спроведени конкретни мерки за зајакнување на екосистемот на повеќе локации во Р. Македонија, со крајна цел да се зголеми нивната отпорност на ризиците од катастрофи поврзани со поројни поплави, лизгање на земјиште, ерозија на почви и пожари на отворен простор. Проектот ќе овозможи присуство и можност за соработка со експерти од Јапонија од наведените области, со што ќе се обезбедат основи за трансфер на знаења и искуства од земја која е лидер во светот во оваа област, каде преку системски мерки се намалува ранливоста и изложеноста на ризици од катастрофи.**



**Со денешното одржување на состанокот на Заедничкото координативно тело се одбележува започнувањето на овој проект, а практичната имплементација на проектните активности ќе биде од пролет 2018 година кога во Р. Македонија ќе бидат испратени релевантни експерти од Јапонија.**





## Седница на Главниот штаб за управување со кризи

**Денес, 02.11.2017 година, во Центарот за управување со кризи се одржа седница на Главниот штаб за управување со кризи. На седницата на дневен ред беа ставени и разгледани следните прашања:**

1. **Разгледување на состојбата во транзитните центри во изминатиот период;**
2. **Подготвеност на институциите за претстојната зимска сезона;**
3. **Дискусија по наводите на Народниот правобранител за состојбата со мигрантите во транзитниот центар Табановце.**

**Покрај прашањата од дневниот ред, директорот на Центарот за управување со кризи, м-р Агрон Буџаку им додели благодарници на упатените лица од институциите, кои како што истакна тој, исклучително професионално постапуваа и со тоа допринесоа за навремено и ефикасно справување со пожарите во кризните подрачја.**

## Превентивна посета во села во Кичево

**Во рамките на превентивните мерки пред почетокот на зимската сезона, во периодот од 06 - 08.11.2017 година екипи составени од вработените од ПО РЦУК Кичево, полициската станица од општа надлежност Кичево, претставници од ЈЗУ Здравствен дом – Кичево и од Општинската организација на Црвен Крст Кичево извршија посета на селата: Белица, Прострање, Мало Црско и Бukojчани. Посетата беше со цел да се контролираат и извршат потребни поправки и подесувања на радиостаниците од УКБ мрежата за известување на ПО РЦУК Кичево кои се поставени во овие населени места. За подобрување на квалитетот на врските се изврши замена на дел од радиостаниците, микротелефонските комбинациин и кратките „штап“ антени.**



**Средбата со населението се искористи и за да се утврди подготвеноста на жителите за претстојниот зимски период, особено при евентуални интензивни врнежи од снег проследени со прекин во одвивањето на патниот сообраќај. Овие активности, вообичаено, ПО РЦУК Кичево ги превзема во изминатите години за да го запознае наелението со потребата редовно да биде снабдено со доволни количини храна и лекови , но и храна за домашните животни кои ги одгледува. Жителите се запознаа и со значењето и употребата на бесплатниот број за итни повици 195 во случај на подолготрајна изолираност во услови на високи снежни врнежи.**



**За време на посетата лекарот од ЈЗУ Здравствен Дом изврши лекарски прегледи врз населението, а претсавникот од ОО на ЦК на семејствата им подели хуманитарни пакети.**

## Работни состаноци со градоначалниците и претседателите на Советите од Општините Струмица, Босилово, Василево и Ново Село



Во деновите 07, 13, 14 и 17. 11. 2017 година Раководителот на Регионалниот центар за управување со кризи Струмица, Милан Русев и Димитар Стојовски остварија работни средби со градоначалниците и претседателите на Советите на општините: Босилово -Зоран Зимбаков и претседателот на советот Ѓорги Аризанов, градоначалникот на општина Ново Село Боро Стојчев и претседателот на совет Валентина Попова, градоначалникот на општина Василево Марјан Јанев и претседателот на совет Крсте Панев, градоначалникот на општина Струмица Коста Јаневски и претседателот на совет на општина Струмица Марјан Даскаловски.

Целта на овие состаноци е запознавање на новите состави на Единиците на локалната самоуправа со местото, улогата, структурната поставеност и функционирањето на Центарот за управување со кризи и Регионалниот центар за управување со кризи - Струмица. Улогата на локалнате самоуправи во Системот за управување со кризи, раното предупредување, превенцијата и справувањето со настанати кризи и кризни состојби, функционирањето и користењето на бесплатниот повикувачки телефонски број за итни повици 195 и неговата покриеност на територијата на Република Македонија. Презентирање на Процените на загрозеност на подрачјето од сите видови ризици и опасности, и потребата од нивно ажурирање, формирањето, работењето и улогата на Регионалниот штаб за управување со кризи, изработката на вонредни и редовни информации за состојбите како и информирање на населението преку локалните медиуми и унапредување на досегашната соработка, комуникација, координација согласно Законот за управување со кризи, како и обврските кои ЕЛС ги има во системот за управување со кризи.

## Седница на Регионалниот штаб за управување со кризи - Дебар





На ден 23.11.2017 година, во просториите на РЦУК Дебар се одржа редовна седница на Регионалниот штаб за управување со кризи - Дебар на која се расправаше за подготвеноста на субјектите во СУК за престојната зимска сезона. Покрај членовите на штабот, на седницата присуствуваа и преставници на ЈП од општините Дебар и Центар Жупа.

Од седницата изглегоа следните заклучоци:

1. ЈП Македонија Пат - секција Дебар, ЈКП од Дебар и Центар Жупа и општините Дебар и Центар Жупа да ги спроведат своите оперативни програми за дејствување во зимски услови.
2. РЦУК - Дебар да ги интензивира контактите со субјектите на СУК.
3. Во соработка со Црвен Крст - Дебар, Здравствен Дом Дебар и општините Дебар и Центар Жупа да се посетат оддалечените селски населени места со цел давање здравствена и друга неоходна помош и подршка.
4. Редовна и секојдневна комуникација со ЕВН за навремено дејствување за одстранување на евентуални прекини на електричната енергија, во случај на обилни врнежи од снег.

## Седница на Регионалниот штаб на РЦУК Гевгелија



На ден 23.11.2017 година во просториите на ПО РЦУК Гевгелија се одржа седница на Регионалниот штаб на РЦУК Гевгелија за превземени превентивни мерки за претстојниот зимски период и одржување на регионалните и локалните патни правци од страна на надлежните субјекти на подрачјето на општините Гевгелија, Богданци и Дојран, како и информација за состојбата со мигрантската криза на подрачјето на РЦУК Гевгелија.

Со седницата раководеше Зоран Лазаровски, Раководител на РШ при ПО РЦУК Гевгелија, а присутни беа членови од ЕЛС Богданци, ЕЛС Гевгелија, Центарот за јавно здравје – Гевгелија, ДЗС - Гевгелија, ТППЕ Гевгелија, ЕВН, ЈП - Македонија Пат, и ЈПКД „Комуналец“ – Гевгелија.

## Одржан Регионален штаб во Свети Николе




**На 24.11.2017 година се одржа Регионалниот штаб за управување со кризи во Свети Николе на кои се споделија информации за подготвеноста на субјектите и се утврдија мерките и активностите за превенција и справување од опасностите поплава, снежни наноси и ниски температури за општините Свети Николе и Лозово. Состанокот го водеше раководителот на штабот Ристе Панов, а учествуваа Градоначалникот на Општина Свети Николе Сашо Велковски и претставници од ЈКП „Комуналец" и подрачните одделенија на ЈП „Македонски шуми", од Агенцијата за храна и ветеринарство, МВР- Полициска станица Свети Николе, ПО на Министерстовто за земјоделие, Доброволното противпожарно друштво Свети Николе, ОО на Црвен крст, Здравствен дом Свети Николе, Шумска полиција ПС Штип, АД „Водостопанство" Кочани, ЈП „Пасишта", Центар за социјална работа Свети Николе и др.**

**Во точката што се однесува за опасноста од поплави беа презентирани критичните точки за речните сливови и одводните канали и утврдени мерките за нивна санација. Особено се истакна како проблем институционалната надлежност во отстранувањето на израснатите дрвја во самите речни корита кои претставуваат пречка за нормален водотек и опасност од поплавување. Исто така, штабот беше запознат со опременоста на субјектите со пумпи за вода и друга опрема.**

**За опасноста од снежните наноси беа презентирани акциските планови за зимско одржување на улиците и патиштата од страна на ЕЛС Свети Николе и за зимско одржување на магистралните и регионалните државни патишта на територијата на Општина Свети Николе и Лозово, од кои Општина Свети Николе ќе побара изменување на акцискиот план на ЈП „Македонија пат" и ЈП„ Државни патишта" во однос на приоритетите за чистење на снег особено да се стави за прв приоритет за чистење на делницата Свети Николе - Овче Поле како единствен излез на Свети Николе кон Штип и Велес. Од страна на ЈКП „Комуналец" и другите субјекти беше презентирана состојбата со обезбедените количини на сол и песок, како и расположивата механизација за чистење на снегот.**

**Како последна точка беа разгледани мерките и активностите за заштита од ектремно ниските температури во земјоделието и сточарството, како и за заштитата на лицата кои би биле изложени на овие ниски тепературии.**

## Седница на Регионалниот Штаб на РЦУК Струмица



**На ден 29.11.2017 година во салата на Дом на АРМ Струмица, се одржа редовна седница на Регионалниот штаб за управување со кризи Струмица за подготвеноста на ЕЛС Струмица, Василево Босилово,Ново Село и ЈПКД за спроведување на Програмата за одржување на улиците, локалните патишта во општините во зимски услови за 2017/2018 година и препораки за справување со студениот бран, за состојбата со речните корита и акумулациите во надлежност на Струмичко Поле - Струмица, како и за исправноста на водата за пиење во Струмичкиот регион.**

**Седницата ја отвори и со неа раководеше Раководителот на Регионалниот Штаб при ПОРКОА РЦУК Струмица Милан Русев, а присуствуваа претставници од ЕЛС Струмица, Василево, Ново Село и Босилово, претставници од ЈКП „Огражден"- Босилово и ЈКП „Турија "- Василево, Македонија Пат - Струмица, СВР Струмица, МО -ОО Струмица, ЦЈЗ Здравен Дом, ЈЗУ ЦЈЗ Струмица, ЈЗУ Општа Болница, Водостопанство на Република Македонија - Подружница „Струмичко Поле" од Струмица, Агенција за храна и ветеринарство ПЕ Стумица, ДЗС Струмица, Црвен Крст и др.**

**На седницата беа донесени следниве заклучоци: 1. Субјектите учесници во Системот за управување со кризи да ја зголемат меѓусебната координација со цел поефикасно справување во кризна состојба во зимски вонредни услови, доследно да ги почитуваат законските надлежности, и да се придржуваат на усвоените Оперативни планови за дејствување при екстремно зимски вонредни услови. 2. Приоритет при чистење и одржување на патните правци, да им се даде на правците кои водат до медицинските установи, школите, ТППЕ, органите на државната управа и ЕЛС, како и планинските села кај кои постои можност за отсеченост и тоа селата Мемешли, Дорломбос, Орманли (Општина Струмица) Висока Маала (Општина Василево), Барбарово, Бадилен и Стиник (Општина Ново Село). 3. Сите институции кои се опфатени со Акциониот план за превенирање на штетните влијанија и последиците од студеното време и студените бранови врз здравјето на населенито во Република Македонија да ги превземат сите соодветни активности и мерки кои се определени според фазите од системот за рано предупредување и опасност во зимскиот период. 4. Здравствените јавни установи во општината редовно да ја следат ситуацијата околу здравствената состојба на населението и редовно да информираат за состојбата. 5. Да се оддржи координативен состанок со субјектите во СУК заради утврдување на надлежностите долж течението на речните корита и речните текови поради узурпирање на земјиштето.**

## Седница на Регионален штаб за управување со кризи - Прилеп



**На 30.11.2017 година во РЦУК Прилеп се оддржа Седница на Регионален штаб за управување со кризи Прилеп. Состанокот го отвори и со него раководеше раководителот на РЦУК – Прилеп и на РШ Илко Петкоски. На состанокот на кој присуствуваа преставници од МВР, Македонијапат, ЕЛС Прилеп, Долнени и Кривогаштани, Црвен Крст Прилеп и ТППЕ – Прилеп, според дневниот ред беа наведени ризиците и опасности кои можат да настанат во наредниот период.**

**На седницата на Регионалниот Штаб беа донесени и следните заклучоци:**

- **Се укажува со целнавремена координација на ситесубјекти од системот за управување со кризида постапуваат по Уредбата за видот на податоците и информациите и за начинот и постапката на нивно доставување до Центарот за управување со кризи;**
- **ЕЛС Прилеп, Долнени и Кривогаштани да ги утврдат сите критични точки каде би можело да настани поплавување во случај на поголеми врнежи на дожд и нагло топење на снегот.**
- **ЕЛС Прилеп, Долнени и Кривогаштани да извршат контрола на евентуални диви депонии и други вештачки препреки кои би предизвикале излевање на каналите и речните корита во населените места во случај на поројни дождови;**
- **МЗШВ преку Јавното претпријатие за пасишта во соработка со ЕЛС Прилеп, Долнени и Кривогаштани и другите надлежни институции да достави писмени известувања до сите сточари да си обезбедат храна за подолг временски период во зимски услови, а посебно до оние кои чуваат добиток надвор од населените места каде нема уредено патишта и се надвор од програмите за зимско одржување;**
- **Водостопанство Прилепско Поле да изврши увид на терен и да утврди критични точки на каналите и речните корита, како и да изврши санација на срушени насипи на речните корита и канали;**

## Одржана седница на РШ на РЦУК Кичево



**На 07.12.2017 година се одржа 38 седница на Регионалниот штаб за управување со кризи Кичево. Покрај членовите на РШ на седницата присуствуваа и претставници од ТППЕ Кичево, МЗШВ ПЕ Кичево, ЈП Комуналец Кичево, ЈП Македонија пат секција Кичево и касарната Чеде Филипоски Даме Кичево.**

**Седницата се одржува со цел рано предупредување, справување и спречување на појавата на настани кои може да предизвикаат несакани последици и опасности од поплави, студеното време и наноси од снег.**

**На седницата, раководителот Сузана Тасевска истакна дека после обилните врнежи од дожд, екипа од РЦУК Кичево и ДЗС извршија обиколка на терен и констатираа дека нема излеани водотеци. Исто така, беше потенцирано дека во РЦУК Кичево се обратиле неколку граѓани кои имаа поплавени подруми на објекти со барање да им се помогне за отстранување на водата. За состојбата беа известени во општината Кичево, ТППЕ Кичево и ПО ДЗС Кичево, кои интервенираа и беше успешно исцрпена водата од објектите.**

**По втората точка презентација имаше членот на РШ од ЦЈЗ Битола ПЕ Кичево Д-р Фани Ефтимијадоска, која присутните ги запозна со мерките кои треба да се превземат за да се заштити здравјето на луѓето при последици од поплави.**

## Состојба по обилните врнежи од дожд во Тетовско-гостиварскиот регион




**ЦУК, 01.12.2017 - Како последица од обилните врнежи во северозападниот регион што го опфаќа Тетовско Гостиварско примени се повеќе повици за поплавени подруми, помали свлечишта од земја и камења како и покачено ниво на водотеците на реките во северозападниот регион. Во текот на ноќта се примени повеќе повици за поплавени подруми, за што беа известени ЈКП Тетово и ЈКП Гостивар, ЕЛС, ДЗС Тетово и ДЗС Гостивар, Во моментов екипите се излезени на терен и интервенираат на посочените места како и кај подвозникот за село Фалише од општина Тетово кој е исто така поплавен и не може да се поминува со возила.**

**Нивото на река Вардар во село Раотинце е на највисоко ниво и постои можност од излевање на реката Вардар во тој дел. На патот за месноста Бањиче во Тетово има одрони на патот, додека одрони имало и на патот за селата Шипковица, Бродец и Селце. Од општина Тетово ангажирале багер на посочените села за расчистување на наносите на патиштата.**

**Во Гостиварскиот регион нивото на водотеците е значително зголемено, така да во општина Маврово - Ростуше нивото на Жировничка река е зголемено. Исто така е покачено и нивото на реките Маздрача и Радика, од каде што е добиено и известување дека мостот на патот за село Јанче е загрозен од зголеменото ниво на реката. Состојбата се следи и Регионалните центри се во постојана комуникација со надлежните субјекти.**

## Помали излевања на Вардар во централното градско подрачје на Скопје

**ЦУК, 01.12.2017 - Поради обемните врнежи од дожд, долж горниот тек на реката Вардар дојде до помали излевања на реката Вардар во централното градско подрачје и тоа на потегот – Влада на Република Македонија до Камен Мост и каскадите на реката Вардар под Фондот за пензиско и инвалидско осигурување ( општина Аеродром ). Овие излевања не предизвикаа опасност од загрозување на животот на населението и мартеријалните добра со кои располагаат.**

**Во општина Аеродром исто така во реонот на село Долно Лисиче кај мостот на реката Вардар, заглавено е дрво кое предизвикува заезерување на реката и постои можност истата да се излее вон своето корито. Загрозен е и насипот на реката Вардар 500 метри низводно од железничкиот мост кај село Долно Лисиче и постои можност од излевање на реката и поплавување на реонот на село Трубарево.**

**Во општина Сарај кај клучката Матка во близина на бензинска станица Бис Оил дојде до поплавување на подвозникот. Поплавувањето е настанато заради дождот и дефект на водоводна мрежа на ЈП Водовод и Канализација. Заглавени биле 4 моторни возила. Луѓето од истите биле извлечени од страна на БППЗ.**

**Во 11.30 часот одржан е состанок на главниот штаб за Заштита и Спасување на град Скопје при што на сите надлежни институции се дадени задачи и тоа: ЈП Водовод и канализација да постави вреќи со песок на кејот на реката Вардар на потегот од Влада до мостот Гоце Делчев. Во овој реон ЈП Улици и Патишта во соработка со ЈП Паркови и Зеленило ќе обезбеди булдожер кој по потреба ќе го расчистува насипот за изградба на панорамско тркало. ЈП Комунална Хигиена ќе поставува вреќи кај каскадите во близина на ПИОМ во општина Аеродром, додека ЈП Улици и Патишта ќе работи на санирање на насипот на десниот брег на реката Вардар 500 метри низводно од железничкиот мост во село Долно Лисиче.**

**РЦУК на град Скопје стапи во контакт со дежурните служби на браните Козјак и Матка и на наше барање намален е испустот на вода од браната Козјак. Во моментот се испушта само биолошкиот минимум. Од страна на СВР Скопје по потреба ќе се регулира сообраќајот на одделни критични места. Заради најавите на поинтензивни врнежи од дожд сите јавни претпријатија во надлежност на Град Скопје ќе воведат дежурство и ќе интервенираат по потреба согласно оперативниот план на град Скопје. ЦУК ја следи состојбата и навремено ќе ги известува надлежните субјекти и јавноста.**

## Состојба по обилните врнежи од дожд на територијата на Р.Македонија до 12:30 ч. (02.12.2017)

**Скопски регион - Во моментов екипа на ЈП „Македонијапат“ работи на отстранување на мал одрон од камења на патот кон Граничен премин Блаце..Екипа на ЈП „Водовод и Канализација“ ја испумпува водата од подвозникот кај Матка, а други екипи се праќаат на терен по потреба или дојава. Има минимални излевања на Вардар во нивите покрај реката во Зелениково.** **(продолжува – стр. 8)**

# АКТИВНОСТИ НА ЦУК

**Охридски регион - Состојбата на териотријата на општина Струга постепено се стабилизира. Екипи од општина Струга со соодветна механизација се на терен и вршат контрола на водните канали на територија на општината. Од Македонски Брод известуваат дека денес е регистрирано значително зголемување на водостојот на реката Треска. Состојбата се следи.**

**Кумановски регион - По обилните дождови Крива Река го променила својот тек по што се полавени два објекта (стара куќа и викендичка) во с.Жидилово (опш.Крива Паланка). По извршениот увид на местото, од страна на ЛС била испратена екипа на терен која работи на санирање на состојбата.**

**Поради обилните дождови до прекин или отежнат сообраќај има на следните сообраќајници: Регионалниот пат Валандово - с.Удово од 01:00 часот утрово беше во прекин поради излевање на Калковска река. По расчистувањето, сообраќајот е нормализиран околу 11:00 часот. Од страна на ЕЛС Маврово – Ростуше и ЈКП од општината бил извршен увид на состојбата со поплавувањето на патниот правец кон Галичник по што се превземаат мерки за надминување на состојбата. Патниот правец Делчево – Македонска Каменица поради обилни врнежи од дожд и чести одрони сообраќајот се одвива отежнато. На учесниците во сообраќајот им се препорачува внимателно управување со возилата и прилагодување на брзината спрема условите на патот. На патниот правец Виница – Берово кај м.в. Рибарник, поради одрон сообраќајот се одвива по една коловозна лента во должина од 10м. На самото место поставена е соодветна сообраќајна сигнализација. Локалниот пат с.Железнец – с.Мало Илино во Демир Хисар не е прооден поради обилни врнежи.**



## Потпишан Меморандум за соработка меѓу ЦУК и Философскиот факултет

**На 16.11.20017 година, во Центарот за управување со кризи, директорот м-р Агрон Буџаку и деканот на Филозовскиот факултет при Универзитетот “Кирил и Методиј“ во Скопје, проф. д-р Ратко Дуев, потпишаа Меморандум за соработка.**

**Водени од заедничкиот интерес, потпишувањето на Меморандумот за соработка меѓу ЦУК и Философскиот факултет има за цел остварување меѓусебна соработка изразена преку размена на научни, стручни и апликативни мислења и практики од областа на управувањето со кризи, како и квалитативно унапредување на образованието, оспособувањето и обука на кадри од областа на кризниот менаџмент.**

**Соработката помеѓу Филозофскиот факултет – Скопје и Центарот за управување со кризи на Република Македонија, како што се наведува во Меморандумот за соработка ќе се остварува преку: размена на научни и стручни искуства и знаења; подготовка на заеднички програми за научно-стручно оспособување и усовршување на кадри од областа на кризниот менаџмент; подготовка на заеднички проекти, анализи и процени во областа на управувањето со кризи; заедничко учество во подобрување на законската рамка во областа на националниот систем за управување со кризи; искористување на капацитетите на Институтот за безбедност, одбрана и мир за изведување обука, оспособување на кадри и давање на соодветни курсеви за потребите на Центарот за управување со кризи на Република Македонија; реализирање на практична настава за студентите на Институтот за безбедност, одбрана и мир со ангажирање стручни лица од Центарот за управување со кризи на Република Македонија и меѓусебна соработка и поддршка во организирање и реализирање на стручни и научни конференции, семинари, тркалезни маси, работилници, летни школи и друго, како и искористување на можноста за донирање на материјално-технички средства и опрема**


**Билтен на Центарот за управување со кризи на Република Македонија**
**(електронско издание)**

Издава: Центар за управување со кризи на Република Македонија
Редакциска подготовка и графички дизајн: Односи со јавноста и протокол
Адреса: ул. Димче Мирчев бр.9 П.ФАХ 372 1.000 – Скопје
Контакт: тел - 3 249 101 3249 102
Веб: www.cuk.gov.mk
E-mail cuk.mail@cuk.gov.mk